


**<u>-Групација за производство и преработка на пластични маси-</u>**

**<u>Забелешки</u>**
**<u>по Нацрт Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за транспорт на стоки, начинот на пуштање и употреба на биоразградливите кеси за транспорт на стоки на пазар</u>**

Групација за производство и преработка на пластични маси го поддржува донесувањето на Правилникот за стандардите за биоразградливост кои треба да ги исполнуваат кесите за транспорт на стоки, начинот на пуштање и употреба на биоразградливите кеси за транспорт на стоки на пазар со кои што се врши допрецизирање на регулативата за производство и пуштање во употреба на кесите за транспорт. При тоа, се подржува определбата со која што пропишаните стандарди се однесуваат на сите кеси наменети за транспорт на стоки.

Во функција на поуспешна практична примена на предметниот Правилник, Групацијата ги дава следните конкретни забелешки:

1. Во членот 2, точка (2) по зборот „лабораторија„ се додаваат зборовите: која издава сертификат за сообразност согласно закон.

   Аналогно на оваа измена се брише членот 6 од Правилникот. Определбите од овој член се регулирани во Законот за акредитација и согласно тоа нема потреба од оптоварување на текстот на Правилникот.

2. Членот 7, со кој се пропишува означувањето на кесите кои се пуштаат и употребуваат на пазар да се допрецизира со следното:
   - Ознаката дека кесата е биоразградлива, називот на адитивот за биоразградливост кој е користен и месец и година на производство да е задолжителна за кесите кои се печатени, додека за непечатените кеси ознаките да се задолжителни само за примарното пакување.

Претседател,
Мирко Јакимовски с.р.